# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ПРАКТИКУМ СО НАСЛОВ „DEUTSCHE PHRASEOLOGIE" (ГЕРМАНСКА ФРАЗЕОЛОГИЈА) ОД ДОЦ. Д-Р ДРАГАНА КУЗМАНОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1902-132/10 од 173. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на ден 22.5.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– редовен професор д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
– доцент д-р Даринка Маролова, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Deutsche Phraseologie" (Германска фразеологија) практикум од **доцент д-р Драгана Кузмановска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Понудениот ракопис од доц. д-р Драгана Кузмановска со наслов „Deutsche Phraseologie" (Германска фразеологија) како практикум за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е наменет за предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик, во седмиот семестар, за студентите од Катедрата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Приложениот ракопис на доц. д-р Драгана Кузмановска е во согласност со Предметната програма за предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик.

Авторката доц. д-р Драгана Кузмановска поаѓа од идејата да напише практикум кој ќе им биде од голема корист на студентите при изучувањето на овој предмет, односно ќе им помогне во проверка на стекнатите знаења по наведениот предмет. Основната цел за објавување на овој електронски практикум, како што вели авторката, е воведување на студентите, односно на сите заинтересирани изучувачи на германскиот јазик во фразеологијата на германскиот јазик.

Ракописот на доц. д-р Драгана Кузмановска има вкупно 99 страници, А4 формат, и според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран практикум во електронска форма, според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

На почетокот од практикумот е даден еден сосема кус предговор во кој авторката ги воведува студентите во основната содржина. Материјата што се презентира во овој практикум е систематизирана во три дела: Вовед „Мал глосар"; **Прв дел**: теоретски прашања и **Втор дел**: практични прашања. Во првиот дел на краток и концизен начин се дадени теоретските прашања преку кои студентите ќе можат да ги проверат своите теоретски знаења од областа на фразеологијата на германскиот јазик, а во вториот дел кој е посветен на практичните прашања, односно вежби студентите ќе можат да си ги проверат практичните знаења поврзани со материјалот по предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик. Практикумот, всушност, претставува обединување на теоретски и практични прашања од повеќе автори кои работат на областа на германската фразеологија и тоа: BERGEROVÁ, H. (2007), BURGER, Harald (2010), FLEISCHER, Wolfgang (1997); PALM, Christine (1995); VAJIČKOVÁ, Mária / KRAMER, Undine (1997); Lapinskas, S. (2013), U. Valenčič Arh(2016) и други.

Практикумот е поделен на воведен дел во кој е поместен глосарот на значајни поими од областа на германска фразеологија, прв дел кој содржи теоретски прашања и втор дел каде што се сместени практичните прашања. По ова следува заклучокот каде што авторката доц. д-р Драгана Кузмановска ќе даде осврт на целокупниот даден материјал. На крајот се наоѓаат заклучокот и користената литература која студентите ќе можат да ја консултираат и која ќе им помогне да навлезат во областа на фразеологијата и лексикологијата на германскиот јазик и преку самостојни истражувања ги пронајдат решенијата на дадените прашања.

Овој практикум произлезе од потребата на студентите да имаат своја вежбанка, која ќе им помогне во совладувањето на материјалот по наведениот предмет. Вежбите се предвидени за работа на час, но и дома, го опфаќаат обемниот предвиден корпус на материјалот и имаат за цел да ги поврзат теоријата и праксата. Практикумот е напишан на германски јазик во согласност со предвидената програма за предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик.

Веруваме дека јазичната теорија не треба да биде цел самата на себе, па затоа се потрудивме да создадеме практикум, односно наставно помагало на студентите германисти и да го оформиме така што ќе им помогне на читателите да го унапредат знаењето на германскиот јазик (доколку е тоа во конкретниот случај потребно) и/или да им понуди информации, кои ќе можат да ги искористат поучувајќи други.

Овој рецензиран практикум воедно нуди и поволности корисни за сите изучувачи на германскиот јазик, затоа што се обидува на концизен начин да ги разјасни поимите во фразеологијата со кои располага современиот германски јазик.

Како што вели авторката, јазичната теорија не треба да биде цел самата на себе, па затоа се труди овој практикум да го оформи така што ќе им помогне на читателите да го унапредат знаењето на германскиот јазик (доколку тоа во конкретниот случај е потребно) и/или да им понуди информации, кои ќе можат да ги искористат поучувајќи други.

## З А К Л У Ч О К

Трудот на доц. д-р Драгана Кузмановска со наслов „Deutsche Phraseologie“ (Германска фразеологија) (практикум) понуден за објавување на рецензиран практикум во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е еден извонреден прилог од ваков вид, пред сѐ, за германската лингвистика воопшто. Авторката д-р Драгана Кузмановска, применувајќи современа теориска и емпириска поврзаност на аргументите, успешно и одговорно одговорила на поставените задачи. Преку методолошки издржаниот пристап сеопфатно се обработува германската проблематика врзана за предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик, овозможувајќи ни научно релевантни сознанија од областа на оваа проблематика.

Ценејќи ги вредностите на трудот, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го усвои овој извештај за објавување во е-библиотеката на веб-станицата на истиот универзитет како рецензиран практикум по предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Билјана Ивановска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Даринка Маролова, доцент, с.р.**